# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Деветнаесеттата седница на Собранието на
Република Македонија, одржана на
22 април 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,15часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и госпoда пратеници,

Ја отворам Дветнаесеттата  седница на Собранието на Рпублика Македонија.

Пратениците Елеонора Петрова Митевска, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Љубе Бошковски, Киро Дојчиновски, Коста Прешоски, Абдулаќм Адеми и Марјан Ѓорчев, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на предлогот на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за ратификација на Договорот за статусот на силите на Република Македонија во Кувајт, со Предлог на закон и Предлогот на одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе закон за ратификација на Договорот за статусот на силите на Република Македонија во Кувајт.

Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

Има збор госпоѓа Илинка Митрева, министер за надворешни работи.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Господине претседателе, имајќи ја предвид неодложната потреба за што поскора имплементација на Договорот за статусот на силите на Република Македонија во Кувајт, се предлага законот за негова ратификација да се донесе по итна постапка согласно членот 175 став 1 и 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија. Потребата од итно донесување на овој закон произлегува од фактот што се планира стационирање на силите на Република Македонија во државата Кувајт да се реализира во најкус можен рок, имајќи ги во предвид актуелните состојби во Ирак во пост конфликтниот период заради одржување на јавниот ред и мир.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Владата овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, 69 за, 2 воздржани и 2 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог на закон за ратификација на Договор за статусот на силите на Република Македонија во Кувајт;

2. Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Ирак.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, 71 за, 2 воздржани и никој не гласал против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на првата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на Договор за статусот на силите на Република Македонија во Кувајт, со Предлог на закон.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор Илинка Митрева, министер за надворешни работи.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Господине претседателе, дами и господа, Република Македонија се наоѓа во последната фаза од процесот на консолидација на безбедносната состојба во земјата што ќе заврши со целосно преземање на одговорноста за сопствената стабилност. Подобрувањето на безбедносната состојба во земјата отвори можност и за активно вклучување на државата во напорите на Меѓународната заедница за справување со глобалните безбедносни предизвици, тероризмот и оружјето за масовно уништување.

Нашите надворешно-политички приоритети да бидеме дел од европското и евроатлантското семејство на демократии нема да донесат само привелегии. Решителноста и подготвеноста на Република Македонија да стане членка на овие интеграции и да го развива стратешкото партнерство со САД претпоставува подготвеност за споделување на товарот преземен во интерес на глобалната стабилност и заедничките вредности.

Денеска пред вас ќе зборувам за две прашања, за причините поради кои Предлог-законот за ратификацијата на Договорот за стационирање на мировните сили на Република Македонија во државата Кувајт треба да ја добие вашата поддршка, но и за владиниот поглед врз ова прашање како дел од поширок проект на македонско учество во стабилизацијата и обновата на Ирак.

Република Македонија е членка на антитерористичката коалиција од самиот почеток. Собранието на Република Македонија донесе одлука за учество на македонските сили во напорите за стабилизација и реконструкција на Авганистан. Поддржувајќи и залагајќи се за цеосна имплементација на Резолуцијата 1441 на Советот за безбедност на Обединетите Нации за разоружување на Ирак, Владата на Република Македонија ја изрази својата подготвеност да учествува во фазата на стабилизација и реконструкција на Ирак. Влеговме во овој процес длабоко уверени дека трансатлантската врска е клучна за светската безбедност и претставува темел на европскиот безбедносен систем. Тоа е исклучително видливо во улогата што Европската Унија и САД ја имаа во стабилизацијата на безбедносната состојба во Република Македонија. Фактот што новите европски сили  се комплементарни, а не компетитивни со НАТО уште повеќе го потенцира значењето на трансатлантската врска.

По падот на режимот на Садан Хусеин со приврршувањето на фазата на воени дејствија Ирак навлегува во период на севкупна обнова. Во оваа фаза напорите на

коалицијата ќе бидат фокусирани на одржувањето на редот и мирот, обезбедување хуманитарна помош и реконструкција и обезбедување услови за формирање на власт избрана од страна на народот на Ирак. Во оваа постконфликтна фаза Владата на Република Македонија се залага да обезбеди мировни сили и економско учество во обновата на Ирак.

Пред вас почитувани пратеници се наоѓа Предлогот за донесување по итна постапка на законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и државата Кувајт за статусот на силите на Република Македонија во државата Кувајт, со Предлог-закон.

Договорот го регулира престојот и статусот на македонските сили кои ќе бидат стационирани во државата Кувајт на ист принцип како што е тоа уредено во однос на силите на другите земји учеснички во коалицијата за разоружување, стабилизирање и реконструкција на Ирак.

Во оваа земја ќе бидат испратени една медицинска екипа составена од три лекари и шест медицински сестри и еден вод мировни сили што ќе биде вклучен во одржувањето на редот и мирот. Значи, стационирани во Кувајт тие од таму ќе бидат распоредувани за извршување на задачи во Ирак. Разбирливо е дека поради постојната ситуација во Ирак, односно поради отсуство на институции на државата овој договор мораше да се склучи со соседна земја на Ирак. Согласно Договорот силите на Република Македонија имаат обврска да го почитуваат правниот поредок на Кувајт и да не се мешаат во внатрешните работи на земјата. Македонските сили ќе уживаат привелегии и имунитет и на административен и технички персонал во согласност со Виенската конвенција за дипломатски односи што во основа значи дека имунитетите ќе ги опфатат сите службени активности.

Двете влади се согласуваат да не се плаќа надомест за штети настанати во извршување на службени должности. Силите на Република Македонија ќе можат да влегуваат и излегуваат од Кувајт со воени, или владини документи за идентификација, ќе можат да поседуваат и носат оружје согласно нивните службени наредби, а превозните средства кои ќе ги користат нема да подлежат на регистрација, или одобрувања од страна на властите на Кувајт. Истовремено македонските сили ќе бидат ослободени од такси, даноци, или други давачки за користење на воздухопловните капацитети, односно за увоз на стоки и предмети наменети за операцијата, или за лична употреба.

Почитувани пратеници, пред без малку месец дена говорев за ратификацијата на Договорот меѓу Република Македонија и Европската Унија за статусот на силите

раководени од Европската Унија во Република Македонија. Предлогот за ратификација на тој закон ја доби вашата едногласна поддршка.

Сакам да потсетам во оваа прилика дека силите на Европската Унија дојдоа во Македонија на покана на Владата. Договорот за нивниот статус беше предмет на преговори, а резултатот од тие преговори доби одобрување од ова Собрание.

Договорот пак за статусот на силите на Република Македонија во Кувајт е стандарден договор каков што оваа држава има со сите други кои стационирале сили на нејзината територија вклучително и со сите други држави од регионот кои беа дел од коалицијата: Романија, Бугарија и Албанија.

Почитувани пратеници, дозволете ми во оваа прилика да ве потсетам на еден настан кој што е врзан со нашите активности и претставува дел од оваа определба на Владата на Република Македонија. Наскоро во Вашингтон ќе ја потпишеме Повелбата за стратегиско партнерство меѓу САД и Македонија, Албанија и Хрватска. Тоа е важен настан за Македонија. Онака како што Спогодбата за стабилизација и асоцијација беше севкупно видлив политички поттик за брзо чекорење кон ЕУ, така оваа повелба ќе наметне ново темпо во приближувањето кон полноправно членство во НАТО. Повелбата е документ во кој на свечен начин ќе се институционализира процес иницииран од Македонија, трите држави од регионот пошироко и подлабоко да соработуваат, а таа соработка да биде поддржувана од САД.Не се невозможна логичка целост присуството на силите на Европската Унија во Република Македонија и испраќање на сили на Република Македонија во Ирак. Напротив, тоа се делови од ист проект во кој влегуваат и учеството на нашата држава во антитерористичката коалиција од самиот почеток, регионалната соработка на државите од охридско-јадранската група и стратегиското партнерство со САД.

Македонија се стреми да стане дел од Европската Унија и НАТО. Тој потфат претпоставува активитет и одлучност, постигнување искуства, знаење и интероперабилност. Ова не значи напуштање на препознатливата максима која стана лајт мотив на оваа Влада, дека битката за Брисел се добива дома, туку нејзино доследно имплементирање. Дома, не значи само Македонија, дома значи и со сопствени сили преку лични резултати.

Почитувани пратеници, Владата на Република Македонија повеќе пати расправаше за потребата од вклучување во постконфликтниот период на реконструкција во Ирак. Министерството за надворешни работи во соработка со Министерството за економија и со Министерството за транспорт и врски презеде

соодветни активности. Одржани се повеќе средби на кои е договорен начинот за вклучување на Република Македонија во реконструкцијата што подразбира активности на домашен и на надворешен план. Приоритет е даден на вклучување на македонските градежни фирми, но земени се предвид и сите останати кои би можеле да учествуваат во реконструкцијата на Ирак. Договорен е заеднички настап на македонската градежна оператива, но и на фирми од други стопански дејности што се во функција на реализација на градежните работи. Во тек се сериозни подготовки за организиран и координиран настап. Владата ќе им помогне на македонските стопански субјекти да се инволвираат во реконструкцијата на Ирак најмногу што може. Наша цел е да се обезбеди ангажман на значителен број на фирми и на работници на подолг рок. Во оваа насока Министерството за надворешни работи и понатаму активно ќе се ангажира на реализацијата на овие цели.

Дами и господа, со ратификувањето на овој договор ќе бидат исполнети предусловите за стационирање на силите на Република Македонија во Кувајт. Одлуката за испраќање сили во други земји е сложена одлука. Меѓутоа, промовирањето на националните интереси на Република Македонија претпоставува и носење на такви одлуки. Позицијата на активен чинител во меѓународните релации, развивањето на партнерски односи со нашите пријатели во функција на светскиот мир и заштита на заедничките вредности, уживањето на привилегиите од евроатлантските интеграции значи дека треба да го носите нашиот дел од одговорноста.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, денес имаме важен проект од две точки на разгледување и усвојување во Собранието. Ова е потврда на предлог да се потврди нашата решеност како држава, како земја да учествуваме во мировните операции во светот, значи, да носиме одговорност со другите чинители во светот на уредување на состојбите каде што имало конфликти. Мислиме дека ова е убава шанса на Македонија да се афимира понатаму и овој проект пратеничката група на Либералната партија ќе го поддржи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Почитуван претседателе на Собранието, почитуван претседател на Владата, почитувани министри и други претставници на Владата, почитувани колеги и колешки пратеници, во името на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз би сакала да го образложам нашиот став, а воедно и да ја изразам нашата поддршка за донесувањето на законот за ратификација на Договорот за статусот на силите на Република Македонија во државата Кувајт, а со тоа да ја искажам поддршката за одлуката за испраќање на единици на АРМ за учество во мировната операција во Ирак како придружна и како следна точка на дневниот ред.

Како што беше изложено и образложено од министерката за надворешни работи, целта на овој договор и на придружната одлука е нашата држава да земе учество со мал обем на воен и медицински персонал во составот на коалициските сили во операцијата “слобода за Ирак” и тоа во овој постконфликтен период, а заради воспоставување на јавен ред и мир и обезбедување на неопходна медицинска помош со воспоставувањето на функционирачки институции во државата Ирак и сега во овој период по соборувањето на диктаторскиот режим на Садам Хусеин.

Ја користам оваа прилика да ги уверам македонските граѓани дека нам пратениците од Социјалдемократскиот сојуз воопшто не ни беше лесно да донесеме една ваква сериозна и одговорна одлука за испраќање на македонски војници и цивилни лица во ситуација па макар и постконфликтна во која што потенцијално можат да бидат загрозени нивните животи. Исто така, нам воопшто не ни беше лесно да донесеме една ваква одлука во еден ваков временски краток период кој сепак и пред се е наметнат од развојот на меѓународните настани и од ситуацијата во Ирак. По овој повод сакам да ја уверам македонската јавност и македонските граѓани дека ние пратениците на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија најодговорно и најсовесно пристапивме кон донесувањето на ваквата одлука земајќи ги предвид не само аргументите на Владата, не само аргументите на експертите, туку и јавното мислење кое што беше манифестирано. Ние пратениците на СДСМ веруваме дека одлуката која што ја донесовме значи за поддршка на ратификацијата

на Договорот е во интерес на македонските граѓани, е во интерес на македонската држава од две причини.

Прво, ние веруваме дека ставот и подготвеноста на Владата за учество во напорите на сојузничките сили и Меѓународната заедница за стабилизирање и изградба на Ирак во постконфликтниот период е став на Влада, на одговорна држава членка на Меѓународната заедница и организацијата на Обединетите Нации.

Посебно сакам да го потенцирам нашето уверување дека ваквата мировна мисија во постконфликтен Ирак воопшто не е насочена против, или пак е надвор од системот на организацијата на Обединетите Нации.

Во оваа смисла сакаме посебно да укажеме особено затоа што се појавија контраверзи околу ова прашање дека Повелбата на организацијата на Обединетите Нации не содржи конкретна, значи експлицитна одредба која ги предвидува и регулира мировните операции, ниту во рамките, ниту надвор од системот на организацијата на Обединетите Нации. Едно е неспорно, државите членки на организацијата на Обединетите Нации треба да учествуваат и треба да и помагаат на ООН во остварување на нејзината основна мисија, обезбедување на меѓународниот мир и безбеност.

Во досегашната историја на мировните мисии во светот во зависност од околностите постоеле и постојат мировни мисии кои биле реализирани директно под водство на ООН, но и мировни мисии кои се рализирани од страна на една, или повеќе држави со вклучување и соработка на ООН.

Со конкретната ситуација во Ирак, овој момент постојат јасни најави и од страна на Генералниот секретар на ОН, или поточно од 7 априул о.г., како и од страна на сојузничките сили предводени од САД дека мировната мисија во Ирак ќе биде нивен заеднички напор.

Според најавите ОН ќе биде ангажирана во обезбедувањето и координирањето на хуманитарните активности а во иднина, особено преку агенциите на ОН и активности на економско, политичко правно и граѓанска обнова на земјата.

Исто така, поради изјавите на генералниот секретар на ОН господинот Анан во овој момент ОН нема ниту капацитет, ниту финансиски, ниту временски и други можности да обезбедат ефикасно воспоставување на јавниот ред и мир во Ирак, администрирање на државата во овој непосреден посвоен период, или како тоа е потребно помош од државите членки на ОН.

Заради сето ова се очекува и посебна резолуција на Советот за безбедност кој дополнително ќе го легитимира целиот овој ангажман.

Втората причина за што сметаме дека оваа одлука е исправна и поврзана токму со нашите внатрешно политички и безбедносни состојби. Сосема исправно и сосема легитимно е прашањето кое што се поставува во јавноста, па и од опозицијата и меѓунас пратениците од СДСМ, зошто РМ, која е и самата во пост конфликтна ситуаиција па дури според некои мислења не е целосно излезена од конфликтот да учествува во некакво пост-конфликтно стабилизирање на Ирак, држава која не е ниту во нашето непосредно соседство, ниту пак во наш непосреден геополитижки интерес. Одговорот не е ни малку едноставен, ниту пак е црно бел, ако некој очекува таков одговор. Одговорот е комбинација на вредности и интереси, односно не е заснован ниту само на вредности кои што сакаме да ги почитуванме и промовираме во нашата надворешна политика мир, демократија, човекови права, промовирање на соживот, борба против глобалниот тероризам, ниту пак е заснована само на интереси. Да градиме добри партнерски и стратешки односи со значајните фактори на меѓународната политика, особено оние кои што имаат решавачко внимание врз позиционирањето на македонската држава во меѓународните односи, без оглед дали тоа некој го прифаќа или не, што секако најдиректно влијае на внатрешно политичките состојби во нашата држава, потоа да бидеме конструктивна членка на ОН и меѓународната заедница и секако не последно да водиме надворешна политика, која што ќе води сметка за нашите економски интереси, а такви по традиција ние имаме со државата Ирак.

Значи имајќи го сето ова предвид ние пратениците од СДСМ веруваме дека оваа одлука ги почитува вредностите на македонската надворешна политика и е во наш национален економски и политички интерес. Сепак за наш решавачки беше фактот дека начинот на ангажманот на нашите војници, на нашите државјани цивили во оваа мисија, содржи релативно минимален ризик за нивниот живот и здравје и фактот што конкретните лица, кои што ги видов вклучени во оваа мисија, тоа го прават врз принципот на доброволност.

Оттука, земајќи ги предвид сите овие околности, сите овие причини, пратеничката група на СДСМ ќе гласа за ратификација на Договорот на нашите војници и цивилни медицински лица  кои ќе одат во Кувајт и доколку се ратификува овој договор, јас би сакала во името на Пратеничката група на СДСМ  да им посакам успешна и безбедна мисија. Без оглед дали некој од нас и меѓу пратениците и меѓу граѓаните  и политички ја поддржува оваа мисија, сепак мислам дека се согласуваме во едно дека ние сите ги поддржуваме и ја посакуваме безбедноста на нашите воени и цивилни лица на оваа мисија, не помалку од нивните семејства и се гордееме со

нив. Затоа, мислам дека Македонија им е благодарна за нивната храброст и нека ни се вратат безбедни.

НИКОЛА ПОПОВКСИ:

Благодарам на г-ѓа Ристова,

Има збор г-динот Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господине претседателе, господине премиер, господа министри, колеги дозволете ми најнапред од името на граѓание кои гласаа за пратениците кои ги остваруваат своите права во пратеничката група на ВРМО ДПМНЕ да му честитам на премиерот што уште еднаш ќе ја повториме сликата од британскиот парламент, каде што ќе си ги задржиме разликите, а сепак ќе ја поддржиме нашата држава во една историски значајна мисија. Честитам господа.

За мене ќе беше ова уште понагласена одговорност ако  гласавме прво за упатување на  тгрупи во мировни операции во Кувајт а не во Ирак, како што постои одредена дилема и потоа следствено на тоа да ги разгледаме моделитетите на нивното сместување, нивна заштита, нивна работа и во крајна линија нивно обезбедување  и материјално обештетување. Но работите се такви какви што се, со оглед на тоа што овој е стандарден договор во чие што преговарање ние само разменувавме документи, бидејќи примерна ни беше желбата да испратиме наши мировни единици во оваа операција, бидејќи сметаме дека РМ мора да биде на страната на секоја меѓународна коалиција, која ќе се залага за стандардите зад кои стоиме како држава, тоа се демократијата, човековите права, просперитетот на нашите граѓани, но над се мораме да бидеме во првите редови  на сите коалиции кои ќе застанат во овој наш современ свет денеска против тероризмот против употребата на насилството во политички сврхи, против диктатурите, против оружјата за масовно уништување. И ние тоа го правиме, гласајќи како пратеници на ВМРО - ДПМНЕ за оваа одлука, ние ја поддржуваме, го поддржуваме законот за ратификација, Кога ќе дојде на ред втората точка, одлуката за упатување и нијансите што произлегуваат од неа , дилемите околу тоа, дали е пост конфликтна или не е ситуацијата, дилемите дали ОН во својата повелба на најширок можен начин му се обраќаат на ова прашање  ќе ги разгледаме тогаш. Сега само толку, ние ќе дадеме поддршка  за ратификување на овој закон бидејќи сме одговорни, бидејќи сме свесни, животно и трајно определени за интегрирање на РМ, во ЕУ, заради потребите на нашите граѓани за членување во НАТО во северно атланскиот договор и заради тоа што сметаме дека РМ, ќе се консолидира на внатрешен план на начин

на кој тоа сега го чини, учствуваЈќи во алијансата, против тероризмот, диктатурите и оружјето за масовно уништување.

И на крајот , за нас, бидејќи е дел и од нашите перформанси ни е голема чест што наскоро заедно со нашиот историски стратешки партнер САД и нашите непосредни соседи ќе потпишеме договор кој ќе ни ги отвори вратите за влегување во Северна атлантската алијанса, а тоа значи набргу кога ќе ги исполниме сите услови, кога ќе покажеме перформанси на економски и реформски план да влеземе во ЕУ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Никола Апостоловски.

НИКОЛА ПОСТОЛОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на Владата, почитувани министри, колеги пратеници,

Денес пред пратениците се наоѓа Предлог за донесување по итна постапка Закон за ратификација на договорот за статусот на силите на РМ, во државата Кувајт, со Предлог закон.

Собранието пред извесенн период донесе одлука за испраќање на единици на Армијата на РМ, за учество во мировната операција во Авганистан, а денес, не се сомневам дека ќе го донесеме законот за ратификација на Договорот за статусот на силите на РМ во државата Кувајт и Одлуката за испраќање на единицата на АРМ за учество во мировната операција во Ирак.

Иако во оваа мировна операција учествуваме со симболичен број на единици, еден медицински тим и еден вод за специјални операции, најсуштествена работа е дека со донесувањето на овој закон за ратификација на Договорот за статусот на силите на РМ во државата Кувајт, РМ укажува и докажува дека нашите определби за полноправно членство на колективните системи за безбедност не се декларативни , туку наша трајна определба.

Почитувани колеги, на седницата на Комисијата за одбрана и безбедност не изненади резервата што ја искажаа пратениците од опозицијата за донесување на овој закон за ратификација на договорот, иако сите политички партии во РМ, во своите програми јасно и гласно запишале и се декларираат и ја гледаат Македонија во иднина како членка на колективните системи за безбедност.

Денес со донесувањето на Законот за ратификација на Договорот за статусот на силите на РМ, во државата Кувајт, и одлуката за испраќање на единици на АРМ

за учество во мировната операција во Ирак, ние недекларативно, туку реално ги потврдуваме нашите трајни определби за членство во колективните системи за безбедност, за што несомнено постои консензус помеѓу сите политички сили во Македонија. Република Македонија уште на самиот почеток на воените дејствија даде поддршка и го искажа својот интерес да се придружи на напорите на меѓународната заедница за стабилизирање и изградба на Ирак во пост конфликтниот период. Затоа, без дилеми треба да го прифатиме барањето на САД да испратиме и свои единици да учествуваат во коалиционите сили во операцијата слобода за Ирак, како поддршка на пост-воената фаза 4.

Од тие причини, ќе гласам за предлог законот и ги повикувам сите пратеници да го поддржат овој закон, со цел без дилеми да ја покажеме трајната определба, РМ, да биде членка на колективните системи за безбедност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Андреј Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе на Владата  на РМ, почитувани министри, почитуван претседател на Собранието, дами и господа пратеници.

ЛДП по трет пат ќе ја даде својата јасна и недвосмислена поддршка за остварувањето на целите и задачите  прокламирани од коалицијата за борба против тероризмот. Застанавме јасно зад резолуцијата за осуда на трагедијата на 11 септември својот прецизен став го изразивме давајќи поткрепа на одлуката за испраќање на македонски војници во мисијата во Авганистан.

Она што би сакал да го истакнам веднаш на самиот почеток е дека ние даваме поддршка на ваквиот закон, односно на политиката на Владата по ова прашање.

Имено, во Република Македонија се крена големо прашање во врска со позиционирањето на државата во однос на кризата околу Ирак. Дебата да признаеме се развиваше во насока дали државата да се приклучи на коалицијата предводена од САД, или да застане на страната на антивоениот блок предводен од Германија и Франција.

Како и да е, ваквата дебата на внатрешен план беше доста зестока, но честопати, всушност,  непродуктивна. Тоа не даваше резултат од ќорсокакот во кој се најде РМ

, и беше само привидна дискусија  од која некои луѓе се обидоа да заработат некои ситни политички поени.

Пред нас се најде закон со кој ќе овозможи наши војници да земат учество во постконфликтнкот период за стабилизирање на регионот.

Поддршката која ја даваме како пратеничка група на овој закон произлегува од промовирањето на една активна позиција на нашата држава во надворешната политика и се разбира во меѓународните односи. Ова претставува огромна прогрма во однос на досегашната практика на нашата дипломатија, која делуваше по некогаш рекреативно, понекогаш реактивно, а никогаш проактивно.

Досега Република Македонија всушност, делуваше со задоцнување, а честопати воопшто и не реагиравме. Очигледно е дека ваквиот однос кон големите светски прашања сме на истиот добит на квалитет од доаѓањето на оваа Влада и навистина тоа треба да се поздрави.

Многумина коментираат дека нашата задача била да воспоставиме контрола на својата територија, а не да го одржуваме мирот во другите земји. Но, да бидеме искрени и отворени, токму со нашето позиционирање и нашите заложби да го дадеме својот удел во овие процеси, ние помеѓу другото се обидуваме да го скратиме и патот кон полноправно членство кон транс атлантската асоцијација, која меѓу другото ќе биде гарантер нанашата безбедност и на целосна стабилизација на состојбите.

Со отворањето на воздушниот простор, со ставањето на располагање на нашите капацитети, ние на конкретен начин го дадовме својот придонес  и во првата фаза на оваа антитерористичка операција. Сепак, за свој сериозен ангажман по баравме да бидеме земени предвид и во пост конфликтниот период, во периодот кога најдиректно со своите човечки и други ресурси би можеле да асистираме за стабилизација и повторна изградба на Ирак.

Од нашите пријатели и партнери, посебно од САД и Обединетото кралство, очекуваме заедно да се вклучат во кампањата низ која треба да се инволвираат за нашето Уставно име. Тоа што официјален Вашионгтон ни се обрати како пријатели од РМ, навистина е од ислучителна важност. Се разбира, очекуваме нашата градежна оператива дас биде вклучена во обновата на повоен Ирак и да ни бидат компензирани долговите кои кон нас како држава и кон нашите граѓани ги има Ирачката држава.

На крајот би сакал да го изразам нашето задоволство и желба да се продолжи со нашиот активен однос во надворешната политика и истиот да стане стил во водењето на таквата политика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-ѓа Теута Арифи.

ТЕУТА АРИФИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во овој случај ќе го дадам нашиот став на ДУИ, што се однесува на законот за ратификација на спогодбата за одење на силите од РМ во Кувајт.

Во овој случај дозволете да нагласам дека оваа одлука се поддржува од ДУИ силно. Нашите ставови за земање учество активно, или да бидеме активен дел од коалицијата во оваа земја е првиот став јасен политички што е направен од ДУИ, точно во почетокот на активностите на нашите стратешки партнери на САД и Велика Британија и во Ирак.

Во овој случај нашиот став се засноваше пред се, врз политичката филозовија на интервенционализмот во случај кога треба да се одбрани мирот, демократијата и вредностите на човековите права. Ова е политичката филозофија врз кои ДУИ ја заснова својата надворешна политика, секогаш засновајќи се врз основните принципи кои произлегуваат од концептите на американскиот претседател Вилсон кој што велеше дека интервенцијата некогаш има политички основи, или пак хуманитарни основи. Познавајќи ја оваа димензија на оваа интервенција ние ги имавме своите многу јасни ставови од самиот почеток, без никакви дилеми и ниу беше сосема јасно дека усвојувањето на оваа политика всушност, претставува перспектива на политиката и на демократијата на човеквоите права во светот.

Во оваа насока, затоа ние сметаме дека активното учество на нашата земја во овие пост конфликтни активности е неопходност, политичка неопходност. Во оваа насока ние се докажуваме како сериозен партнер, подготвени да учествуваме активно во овие активности за зачувување на мирот. Во оваа насока ние докажуваме дека можеме да бидеме партнери во другите интеграциони процеси, посебно меѓународните структури на безбедноста. Исто така, во оваа насока докажуваме дека можеме да одржуваме и мир и демократски вредности. Можеме да ги одразуваме градејќи ги на правилен начин и на соодветен начин најпрво тука реализирајќи ги нашите меѓународни обврски и во меѓувреме придржувајќи се кон принципите на меѓународното партнерство.

Затоа, да не должам премногу со цел овој принцип да биде јасен, би сакала да кажам дека лод југоисточна Европа да се докажува една сериозност во учество во овој вид активности и операции, тоа исто значи да се има една политичка зрелост на кој на едногласен начин овој парламент сака да покаже една таква едногласност.

Дозволете ми како претседател на Комисијата за надворешна политика на Парламентот да ја искажам заедничката увереност на сите членови на оваа Комисија кој едногласно излгласлаа и ја поддржаа ратификацијата на овој договор, сугерирајќи истовремено на парламентот да ја прифати истата ратификација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитуван премиере, почитувани колеги пратеници,

Од ова што го слушнавме од г-ѓа Митрова во нејзиното експозе и од она што ни се дава, ни се предлага како предлог да го дадеме нашиот збор во врска со ратификацијата на оваа Спогодба за испраќање на наши единици да учествуваат во мировна мисија во Кувајт, односно преку Кувајт во Ирак ПДП го поддржува ова.

ПДП го подржува ова и, се разбира, во моментите кога требаше да се определи надворешната политика во Македонија, надворешнта политика на Претседателот на државата, на премиерот на државата, и тогаш ние бевме за, иако треба да прифатам, лично да кажам, дека не ми беше лесно сите ние заедно, без оглед на функциите што ги имаме , ова да го објасниме до крај пред нашиот електорат и пред меѓународниот фактор. Вие треба да ме разберете и како политичка партија и поради некои специфики на нашето изборно тело, требаше многу силно и јасно да се објасни што значи диктатор, Садам Хусеин и што значи Ирачки народ. и во моментот кога ги направивме овие објаснвуања, дополнителни објаснувања, тука треба да направиме една дистинкција, тогаш и изборното тело полека, полека ја разбра надворешната политика или пак позиционирањето на Република Македонија . Значи, сето тоа го разбра добро преку овие дополнителни објаснувања.

Истот така треба д априфатиме дека имаше и дилеми во нашите редови, како позиција, опозиција, како пратеници од разни проминиенции и политички проминиенции, но полека , полека , како што изминуваШе времето, денес ние се убедуваме или јас се уверувам дека сведок е и времето, дилемите кои постоеја во донесувањето на едни вакви значајни мерки, сепак времето ги објаснува само по себе. Ние треба да прифатиме дека од аспект на дипломатијата и политиката ние имавме добра позиција и правична и праведна позиција. Сакам да ви кажам дека на една меѓународна конференција што ја имавме на Интерпарламентарната унија, ние како пратеници постојано бевме поздравувани со симпатии, за чудење, и од оние земји или оние пратеници на држави од коалицијата која беШе за интервенција во

Ирак, но и од оние кои беа од европските држави кои имаа резерви во однос на оваа акција, бидејки тие многу добро ја разбраа нашата позиција и со време разбравме дека тоа беше правична и добра интервенција. Кога го имаме ова предвид, убедувањето се зголеми дека нашата позиција беше добра со самиот факт да бидеш дел на една коалиција, на чие чело е една држава каде што се почитува мултикултурниот диверзитет, мултикултурата и каде што е осведочена демократијата, да бидеш дел на таа коалиција , верувајте дека тоа е доволно како критериум и стандард дека не сме погрешиле. Поради тоа, и од аспект на интеграција во ЕУ и од аспект на интеграција во Северноатлантскиот Пакт или НАТО има разбирање , значи Македонија има добра позиција и ова што се предлага ние даземеме учество во едно постконфликтно време на активен начин, за да се осведочи нашата позиција, ако не се земе учество на активен начин во нешто што е добро и што е перспективно за еден цивилен свет, пак ќе останеме на декларација. Добро рече госпоѓа Митрева дека ваквите одлуки се тешки, тешко се донесуваат затоа што сепак треба да се испратат наши војници, луѓе кои ќе бидат во мисии кои и така се опасни, без да се земе предвид дека војната е завршена. Но, активното учество уште еднаш сведочи за нашиот став.

Затоа, ПДП ја подржува оваа мисија и остануваме за оваа мисија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Рамадани.

Има збор господинот Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Почитувна претседател на Собрание, почитуван претседателе на Владата на Република Македонија , почитувнаи министри и почитувнаи колеги,

Во поглед на подршката на овој закон не сакам да говорам. Тоа е нормален приоден пат, кој мораме да го следиме, бидејки објективно Владата на Република Македонија и државата Македонија се определи да биде коалиционен партнер во оваа војна што беше во ирак и ова се последични работи кои мораме да ги прифатиме.

Меѓутоа, нешто друго ме вчудоневиди, господо. Ние повеќе водиме грижа како да ја вратиме демократијата во Ирак и толку експлицитно единство за иднината на Ирак во овој Парламент се искажа, што не можам да се отргнам од впечатокот дека такво единство нам ни треба, да се врати редот и мирот во нашата држава. Таква

солидарност, која што ние ја покажуваме спрема Ирак, повеќе би сакал да биде насочена кон нашата сопствена држава.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Костовски.

Има збор господинот Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувнаи членови на Владата, почитувнаи колеги и колешки пратеници, почитувнаи гости во Собраието на Република Македонија ,

Можеби немаше да се јавам за збор и сметав дека нема да се јавам, меѓутоа, на некој начин бев повикан како член на Комисиајта за одбрана и безбедност на Собранието на Република Македонија . Таму искажавме одреденидилеми и тие дилеми би сакал и тука да ги повторам, бидејки на седницата на Комисијата не беа дадени одговори на тие дилеми кои ги искажавме како членови на ВМРО-ДПМНЕ во Комисиајта за одбрана и безбедност, туку едноставно беше премолчено, па рековме дека истите ќе ги искажеме на пленарната седница на Собранието. Доколку таму добиевме одговор, тука можеби и немаше да се јавиме за збор.

Инаку, јас би сакал ова да биде подржано со консензус, како што беше подржана и определбата за евро силите кои дојдоа во Република Македонија , со што ние сметаме дека ќе се стабилизира Република Македонија .

Значи, нашите дилеми беа следните:

Имено, зошто е заобиколено Собранието на Република Македонија при донесувањето на овој закон, односно процедурално според Законот би требало прво да расправа, по неше мислење, Собранието на Република Македонија дали ние ќе испратиме сили во одредена држава или не, а дури потоа да склучуваме договори или да ја овластиме Владата д апродолжи со таа процедура. Инаку, во овој случај ние сме доведени пост фестум или пред свршен чин. Договорот со размена на писма е потпишан, доставен е до Собранието на Република Македонија и нормално е тој договор да биде потпишан. Доколку не биде потпишан, ќе излеземе смешни како држава и пред Кувајт и пред меѓународната заедница.

Нашето негодување беше зошто за ова толку значајно прашање, значи за прашањето околу Ирак воопшто Парламентот не расправаше и сметаме дека барем кога се донесува овој закон односно пред потпишувањето на овие договори требаше да расправа Собранието на Република Македонија .

Второто прашае односно негодување беше зошто толку итно се донесува овој закон, кога знаеме неколку месеци што се случува во Ирак и околи Ирак и определбата на нашата држава, би рекол Влада или Претседателот на Републиката, иако Собранието не го кажа тоа , во подршката на коалицијата  за слобода за Ирак.

Значи, сметавме дке апорано требаше да отпочне оваа процедура, имаше и време во редовна процедура нормално да дискутираме во Собранието на Република Македонија . Во таа итност, мислам дека настана и грешка во содржината на законот и во одлуката околу составот на силите, некаде пишува три лекари и шест медицински сестри, некаде четири лекари и пет медицински сестри. Сметам дека тоа ќе се уреди сега и би требало по втората точка тоа да се разјасни.

Третата дилема, која исто така ја кажавме како дилема, а всушност тоа го кажа и професорката Ванковска, која за среќа беше присутна на Комисијата, исто така и таа ги кажа овие дилеми: Дали ова е мировна мисија и кој во светот прогласува мировна мисија. Ние рековме во образложението дека даваме подршка на меѓународната заедница. Во правото субјект меѓународна заедницииа не постои. Практично мировните сили треба да ги прогласат Обединетите нации и нашите војници, нашите сили надвор од Република Македонија би можеле да бидат само под знамето на Обединетите нации. Тука беше нашата дилема и тука не добивме одговор. Значи, овие сили кој ги прогласува за мировни сили, дали е на барање на Владата, како што пишува во образложението, на САД за стабилизација на Ирак или пак незнам што.

И четврто прашање кое на Комисијата се обидоа да не инпутираат како опозиција, како ВМРО-ДПМНЕ, дали сме ние против стратегијата на Република Македонија  за зачленување во НАТО. И таму одговоривме , и сега ќе одговориме, нашата стратегија како партија е за членство во НАТО алијансата, било и ќе биде. Сметам дека не би требало со нашите дилеми, нашите сомнежи по одредени прашања кои тука ги искажуваме, да биде доведена  во прашање стратегијата на Република Македонија , во конкретниот случај преку опозицијата, за членство во НАТО алијансата. Сметам дека е многу опасно и не би требало позицијата да се бави со таков начин на импутирање. Толку би кажал само како одговор на колегата Атанасовски дека во Комисијата опозицијата беше против зачленувањето во НАТО алијансата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Господине претседателе, почитувани пратеници и членови на Влада и почитуван претседател на Владата,

Сметам дека од искажувањата на повеЌе пратеници, па и во комисиите, веројатно постојат некои процедурални причини од меѓународно-правен аспект за донесување на законот, но сепак, имајки ја предвид целта заради која се донесува Законто за ратификација на Договорот и гледајки ги целите на Договорот, сметаме дека тие се посилни од се и како таков го подржувам овој закон и ќе гласам за истиот.

Но би сакал да укажам на една работа, коај не е предмет на расправа во Собранието. Сепак би искористил можност, бидејки ние немаме право да го разгледуваме самиот Договор на Собранието, разгледувајки го текстот на истиот, имајки исто така доста дилеми кои се појавуваа во нашата држава, со оглед на тоа што и ние сме држава што бараше помош и ни беше давана истата, сметам дека за Догворот , од записниците и од ова мое изнесување Владата да го има предвид моето укажување. Се разбира, доколку прифати дека тоа има тежина, во едно наредно време да се направи, бидејки во Договорот стои дека истиот подлежи на доградување и надградување . Имено, станува збор за тоа повеќе правно да се регулира статусот на оние луѓе кои ќе бидат таму, во случај, да не даде Господ, некои од тие луѓе да дојдат во судир со законот, особено со Кривичниот закон, да направат било какво дело, сепак треба во тој дел да постои една точка каде што ќе се регулира тие наши граѓани да имаат право на застапник адвокат од Република Македонија. Ова со оглед на фактот што ние немаме таков договор со Кувајт, а исто така и за местото на судење дали треба да биде надлежен судот во Кувајт или да биде надлежен макеоднскиот суд, да бидат испорачани таквите граѓани кои ќе бидат на таквата задача во Кувајт да им суди наш суд или пак издржувањето на казната да биде во Република Македонија .

Во тој дел Министерството за надворешни работи би требало да најде една правна норма, која Кувајтските власти ќе ја прифатат и ќе најдат начин како да се реши тој статус, со тоа што можеби ќе заврши и мировната акција, а одредени граѓани може да останат во затвор во Кувајт повеќе години. Сепак, имаме практика и имаме слушано за повеќе држави, наши граѓани може да останат и подолго време во

тие држави на судење или издржување казни. Затоа, во тој дел треба да се најде правна регулатива, која треба да се вгради во овој договор за некое наредно време.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Ѓорѓи Трендафилов.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Она што беше истакнато од еден од претходните дискутанти, осврнувајки се на вчерашната расправа на седницата на Комисиајта за одбрана и безбедност, намерно или ненамерно не сака да не разбере, но сепак , човекто не успал да разбере кои беа дилемите по кои се расправаше на вчерашната седница на Комисија за одбрана и безбедност. Дилемите се следните.

Не би сакале практика на Владата на Република Македонија да стане по витални или важни прашања за националниот опстанок на Република Македонија секогаш да расправаме и да донесуваме законски решенија по скратена постапка, затоа што доволно е проблематично што целата оваа процедура околу политичката потврда што во овој момент Република Македонија ја даде за интервенцијата во Ирак се случуваше релативно под нивото на јавноста и тоа, заобиколувајки го највисокиот законодавен дом на Република Македонија . Тоа беше една од првите забелешки вчера на седницата на Комисиајта за одбрана и безбедност.

Втората и за мене посериозна и посилна причина, поради спротивставувањето на практиката за донесување закони преку итна постапка беше тоа што не гледаме подготвеност од Владата на Република Македонија , по прашања кои се однесуваат на внатрешниот ред и мир да се дејствува на ист начин како што дјествувале на меѓународен план. Имено, од 15 септември па до пред неколку дена, оваа Влада со сите сили настојуваше да го избегне терминот " терористички групации или терористички банди", дури и во своите официјални документи, оние што произлегуваат пред се од Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, а се однесуваат на дејствувањето на таканаречената АНА на територијата на Република Македонија . Впрочем, тоа дејствување е официјализирано од самата Влада и таа самата признава дека овие банди дејствуваат и вршат етничко чистење на територијата на Кумановско, Скопско, Тетовско, Гостиварско, Кичевско, Дебарско и Струшко. Дали оваа Влада мораше

преку еден нејзин претставник да ја поздрави одлуката на администраторот на Косово господинот Штајнер, кој конечно ја прогласи активноста на оваа, до завчера криминална групација за терористичка, па нашата Влада, Владата на Република Македонија да се приклучи само со поздрав, иако прет тоа ги минимизираа или се обидуваа на секаков начин да ги отфрлат тврдењата кои доаѓаа од опозицијата или се појавуваа во јавноста дека дејствувањето на оваа вооружена групација не може да биде никако поинаку наречена освен терористичка. Се сеќавате на една мошне интересна констатација на една прес-конференција во Министерството за внатрешни работи, кога бешењ констатирано следното: дека чинот е терористички, а извршителите се криминалци.

Значи тоа беа сите причини што на вчерашната седница на Комисијата за одбрана и безбедност беа посочени како дилеми. Не станува збор за поддршка или не поддршка на учеството на македнските единици надвор од Република Македонија . Впорчем , и во времето кога ВМРО-ДПМНЕ ја оствaруваше власта во Република Македонија, токму со Законот за одбрана и Законот за служба во АРМ, кој да ве потсетам, господо од владиното мнозинство, пред се од СДСМ, беше блокиран во Собранието на Република Македонија токму од вас, ги регулираат тие рпашања. Значи, определбата на Република Македонија , односно на нејзините вооружени сили да учествуваат во мировни сили надвор од територијата на нашаа земја е регулирано уште одамна и најкокретен пример имаме со нашето партиципирање во мултинационалните мировни сили за Југоисточна Европа. Тоа колку да ве потсетам дека ниту една политичка партија не искажала резерва околу таа партиципација, впрочем најмалку тоа го направи ВМРО-ДПМНЕ.

Нашта забелешка вчера, конкретно, мојата забелешка и вчера и денес се однесува на следново:

Јас би сакал волјата со коај оваа Влада пристапува кон извршување на нашите меѓународни обврски да видам дека истата ја извршува и на внатрешен план. Ако Владата на Република Македонија сака да даде придонес како членка на антитерористичката коалиција, мислам дека најдобор е и за нас и за останатите партнери во антитерористичката коалиција, треба да ги докажеме со наше активно работење, пред се, во нашата земја и со партнерското работење, пред се, во регионот на Југоисточна Европа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитуван претседател, почитуван премиер, почитувани министри, почитувани колеги,

Не мислев да се јавувам за збор бидејќи координаторот на пратеничката група го изнесе ставот на ЛДП, меѓутоа малку сум испровоциран од последните двајца дискутанти од чии дискусии се стекнува впечаток дека на Комисијата за одбрана и безбедност имало бурни дискусии и дека имало бројни нејаснотии и неодговорени прашања.

Морам да кажам дека на комисијата водевме расправа, дека Предлог законот помина само со два гласа воздржани, дека беа изнесени одредени ставови со кои јас лично не можам да се согласам и би сакал уште еднаш да го потенцирам своето мислење .

Од страна на луѓето од струката беа изнесени ставови дека, наводно, од поединци, би рекол, не од сите, се работи за мировна мисија која во теоријата не е позната како таква односно дека се познати само мировни мисии кои се однесуваат на творење на мир или мировна мисија за чување на мир или мировна мисија за наметнување на мир. Меѓутоа, по мое длабоко убедување ние имаме мировна мисија. Можеби таа не е позната во теоријата, меѓутоа тоа е реалност. Од друга страна можеби беше незамисливо досега, нема одлука на ОН да се врши интервенција, за воспоставување на демократија во одреден регион, меѓутоа и тоа се случи. Ние сме сведоци на одредени светски настани, такак што можеби и во рамките на струката треба да се најдат дефиниции за тие случувања. Во секој случај по мое длабоко убедување овој предлог за донесување на закон за ратификација на договорот за статусот на силите на Република Македонија во држаљва Кувајт треба да се поддржи бидејќи претставува конзистентност во политиката на Република Македонија спрема едно важно прашање кое го разбранува светот како што е прашањето на интервенцијата во Ирак.

Од самиот почеток поради посредни или непосредни барања моравме да заземеме став и можеби за прв пат ја напуштивме т.н. политика на еквидистанца и заседовме позиција бидејќи таква политика, политиката на еквидистанца не носи најмалку ризик од евентуални последици, меѓутоа не носи и никакив привилегии. На Република Македонија и е потребен стратегиски партнер за побрзо зачленување во НАТО. Ние сме свесни дека зачленувањето во НАТО повеќе е политичка одлука отколку одлука на задоволување на одредени стандарди и сметам дека со учеството

и во оваа втора фаза која се однесува на зачувување на мирот, да ги отвориме перспективите за наше активно учество во она што претставува трета фаза или за кое сме и најмногу заинтересирани, тоа е активно да учествуваме во економската обнова на Ирак.

Исто така беше посочено дека би требало да се води малку подолга расправа за вака битни прашања односно дека Владата не треба да склучува договори без некоја си собраниска процедура. Меѓутоа мораме да бидеме искрени и да кажеме дека уставно права на Владата е да склужува меѓународни договори, а правото на Парламентот е истите да ги ратификува или да не ги ратификува. Според тоа ништо тука не е спорно.

Уште еднаш сакам да го изнесам ставот и мислењето на ЛДП дека овој договор во целост треба да се прифати и дека тој и носи добро на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи друг никој веќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 86 пратеници, сите гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за статусот на силите на Република Македонија во Кувајт.

**Минуваме на Втората точка - Предлог на одлука за испраќање единици на Армијата на Република Македонија за учество на мировна операција во Ирак.**

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Молам, дали некој бара збор.

Има збор г. Владо Бучковски, министер за одбрана.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Учеството со 39 припадници од Армијата на Република Македонија за коалиционите сили претставува само симболична бројка, имајќи предвид дека тие бројат близу 390 илјади војници. Но, македонските војници ќе бидат со голема

мисија, мисија за изградба на една нова демократија за спречување на обидите за пролиферација на оружјето за масовно уништување, мисија со која се дава до знаење дека Република Македонија е на страната на мирот и стабилноста.

Почитувани пратеници,

Преку вашата одлука, преку политичката поддршка на Владата, Република Македонија вложува во својата иднина, во својата стаиблност и сигурност. Со директната партиципација ќе манифестираме подготвеност на припадниците на Македонската армија за учество во мисии за поддршка на мирот, потврдувајќи ја и интероперативноста на Армијата со силите на Северноатланската алијанса, кон чие зачленување стремиме.

Со упатувањето на војниците во мисијата за поддршка и одржување на мирот одлучно застануваме во изградбата на колективните системи за одбрана, практично покажувајќи дека својата иднина ја гледаме во членувањето во нив, во Алијансата, за што со консензус е донесена одлука од Собранието и истата очекуваме да биде потврдена за упатувањето на војниците во Ирак.

Врз основа на дадената поддршка на Република Македонија на коалиционите сили во операцијата - слобода за Ирак, а по барање на Владата на САД и врз основа на ратификуваниот СОФА договор на Република Македонија со Кувајт, кој пред малку беше ратификуван, Република Македонија ја декларира подготвеноста да испрати свои единици во операција за поддршка на мирот во Ирак, во поствоената фаза. За оваа цел подготвени се три лекари и шест медицински техничари кои ќе бидат вклучени во теренската болница на коалицијата, најверојатно во позадината. Тие ќе бидат во Кувајт и исто така еден вод на силите за специјални операции во состав од 28 члена составени од 3 тима кои ќе бидат одговорни за одржувањето на јавниот ред и мир и 2 офицери за врска кои ќе бидат во седиштето на командниот штаб на коалицијата.

Почитувани пратеници,

Припадниците на Армијата на Република Македонија се доброволци. Тие сваќајќи го значењето на мисијата за нашата држава и напорите за интегрирање во колективните системи за безбедност, самите се јавија да партиципираат во коалиционите сили.

Потребно е да ве информирам дека над 200 припадници на Армијата, од професионалните единици, од воената болница и од командата на Армијата, се јавија да бидат дел од коалиционите сили.

Припадниците во декларираните сили во целост се подготвени да ги извршуваат задачите од ризик и обученост на единици за вакви мисии и гарантираа успешно извршување на поставените задачи. Сите тие имаат поминато соодветна обука и храбро пристапуваат кон коалициските сили за борба против тероризмот и пролиферацијата на оружјето за масовно уништување.

Во планот за интензивна обука за упатување на македонските војници се ангажирани претставниците од консултантската американска компанија Хамилтон и воениот контакт тим на САД, според потребите за високо квалитетни подготовки за успешно реализирање на мисијата.

Македонските воени претставници со себе ќе имаат неопходна опрема и вооружување, врз насоките добиени од Централната команда на сојузничките сили и планираната мисија на контингентот, а во согласност со стандардите на НАТО.

Трошоците за транспортот, сместувањето и исхраната и итната медицинска помош за учеството во операцијата ги обезбедува САД, а останатиот дел од трошоците за плати на месечно ниво во просек некаде од над две илјади американски долари или просечно нешто над 100 илјади американски долари за сите овие 39 војници, ги обезбедува Република Македонија, за што се предвидени средства во Буџетот на Република Македонија.

Инаку во планот по операцијата, во постконфликтниот период се предвидени фазите за стабилизација на состојбата во Ирак и регионот, реконструкција на инфраструктурата и ревитализацијата на институциите на системот, на демократското општество, како и трансфер на власта и надлежностите на ирачкиот народ и идните авторитети кои ќе управуваат со Ирак. За таа цел напорите на коалиционите партнери се упатени кон инволвирање на Европската унија и Обединетите нации, специјализираните меѓународни организации како и невладини организации и агенции.

На политичко - воен план НАТО изразува подготвеност за активно учество, со што се дава простор на земјите членки кои досега не земаа активно учество во коалицијата, да се вклучат во понатамошните фази.

Почитувани пратеници,

Убеден дека со консензус ќе биде донесена одлуката за испраќање на нашата мисија во одржувањето на стабилноста и мирот на Ирак ве поздравувам и ви посакувам се најдобро.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани пратеници,

На дневен ред ја имаме одлуката поради која е донесен и претходниот закон.

Сакам да истакнам дека ваквите прашања како ова што го решивме и ова што сега треба да го решиме се прашања од така да речам, срцевината на државната политика. Тоа не се прашања на позиција и опозиција, не се прашања на една или друга политичка паритја, туку се прашања на државната политика и нејзиниот континуитет. Затоа се и комисиите, ако има некои прашања недообјаснети, да ги дообјаснат, но расправите од комисиите овде да не ги пренесуваме туку сите заедно да се погрижиме да ја донесеме и оваа одлука како што го донесовме и законот.

Сакам да ви кажам дека Македонија со овие две решенија сега обезбедува континуитет на својата државна политика. Вие добро се сеќавате дека во друг состав Парламентот, друга Влада, во 1999 година, само пред 4 години беше доведена во ситуација уште потешки и поодговорни одлуки да донесе и ги донесе. Донесе одлука не да праќаме војници во Ирак, туку ние како земја да бидеме Кувајт, и ние тогашната Влада овозможи Македонија да биде домаќин на околу 15 илјади војници кои овде имаа задача да воспостават ред и мир во Косово, после воениот конфликт. Владата и граѓаните на Република Македонија успеаја да прифатат околу 370 илјади бегалци од Косово и ни еден од нив да не го изгуби животот по насилен пат, сите да бидат згрижени. Тоа се елементите и градбата на нашите стратегиски односи со САД. Тоа што тогаш го направи Македонија и ова што сега го прави, треба да се гледа како еден континуитет. Поради тоа овие ситни пречкања овде и настојувања да се остави впечаток како Марко е поарен од Петко, треба да ги сватиме само како случаи кои не ни доликуваат на нас пратениците, бидејќи нам ни одговора, како земја и народ, сам ако сите стоиме зад таа државна политика која, еве и во овој случај ја оствaруваме.

Пратеници, членови на пратеничката група на ЛП, ќе гласаме за оваа одлука.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Слободан Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господин претседателе, господине премиер, колеги,

Ние ќе гласаме за оваа одлука од една многу едноставна причина.

Борбата за вредностите за кои пред малку зборував и за кои не престануваме да зборуваме, а над се борбата против насилството во политиката, борбата против тероризмот, борбата против орудијата за масовно уништување и против тоталитарните режими, се добива само со консолидација на мирот. Затоа, ако веќе не можеме да најдеме потпорна точка во мултилатералните институции во светот, почнувајќи од она па преку другите, тогаш дајте ние, онака како што и колегата Андов до ЛП кажа, да најдеме потпорна точка во една наша суверена одлука и да ги пратиме нашите војници во Кувајт, да ужествуваат во консолидација на мирот, во регионот, но сепак да бидеме вешти и да внимаваме до кој степен и дали воопшто би требало, додека не се појави институција или инстанца во Ирак, да навлегуваат и да остваруваат операции таму. Ова го велам од едноставна причина што Македонија, според нашето убедување, може да биде конструктивен и ефикасен партнер на нашите сојузници, во случајот САД и Велика Британија, ако овие работи ги прави безпрекорно, правно издржани и без ниту една фалинка која може утре да предизвика непотребни полемики околу тоа дали нашите војници отидоа таму според нашиот Устав или не.

Ние имаме Устав што е правен како што е направен и во време во кое е направен, каде никој од нас не можеше да биде доволно видовит да ги предвиди овие премрежја, пред кои сега се наоѓаме, па оттаму и миројубивиот концепт кој произлегува од нашиот народ и од сите граѓани односно еден дел на граѓани кои живеат во оваа држава, за мир е доминантен во нашиот Устав и тој ја дефинира нашата држава и како социјална, но ја дефинира и како градител на мирот. Ако се сеќавате, и покрај нашите внатрешни разлики кои сега треба да останат ние долго време едни на други гледавме на некаква си оаза на мирот чие што дно понатаму потона, но не заради тоа што не сме цврсто убедени дека треба да бидеме на страната на мирот.

Значи нашите војници одат таму да го градат мирот. Така, јас сум цврсто убеден и сите ние ќе успееме да го изградиме мирот и кај нас. Но, она што остава впечаток на непотребно тактизирање при вакви одлуку кои се од стратешки карактер и за кои со сета одговорност, при една злоупотребена политичка јавност, ние одовде ќе излеземе најверојатно повторно едногласни, треба да се прават, по некоја логика, по некој редослед кој нив ќе ги направи гранитни. Ние требаше да

донесеме одлука за учество во мировни операции во овој конфликт, или во рамките на Резолуцијата 1441 да се вградиме со инструмент на овој највисок законодавен дом во нашата држава, па потоа кога ќе се појавеше, како што сега се појавува оперативната потреба, мирот да го поткрепиме во Кувајт, одлуката за испраќање на наши единици, вакви какви што ги праќаме, ќе следеше природно и без трауми, а потоа договорот за нивно стационирање кој го регулира нивниот престој и работа таму, ќе следеше практично без политичка расправа, што не значи дека во услви кога би имале една ваква широко поставена платформа, ќе можевме да разговараме и за одредени детали кои би се однесувале не толку на нашите односи со земјата домаќин, во случајот Ирак односно Кувајт, туку оклу тоа како ние ќе си ги заштитиме нашите војници, бидејќи по прв пат во историјата на нашата држава 1944 до денес ние т.е. овој парламентарен состав праќа војници. Ние праќаме наши граѓани да го ризикуваат својот живот. Без оглед на тоа дали се тие доброволци или не, одлуката е наша.

Во политичката терминологија на САД тоа се вика ..

(Го кажува на англиски јазик)

Значи, во пресрет на штета, во пресрет на опасност, во пресрет на ризик. Според тоа деталите и расправата за одредени механизми за нивна заштита се наше приватно право и кога би го следеле овој расплет на дејствија би си легнале и ние би оделе веќе во натамошните мировни операции со слични вакви договори, дај боже да ги нема, со една подготвена и јасно зацртана и платформа и позиција и заштитни  механизми за нашите војници, онака како што впрочем силите кои овде учествуваа како УНПРЕДЕП, како УМПРОФОР, како Жетвари, како Килибарни лисици сега на Унијата доаѓаат водејќи примарно сметка за заедничката стратешка задача а тоа е мирот, но потоа и за луѓето кои се праќаат во такви подрачја.

Значи по некоја моја логика прво требаше да ги донесеме одлуките, а потоа да го донесеме и да го ратификуваме Законот, но ситуацијата е таква да мора да се дејствува и ние дејствуваме.

Она што би требало од овде да произлезе, ако не како обврска бидејќи ние сме опозиција и го немаме доминантниот глас, како потсетување до луѓето кои потоа ќе треба да ја спроведуваат оваа наша стратешка одлука, а тоа е строго да се внимава за улогата на нашите сили таму. Точно е дека тие ќе бидат под заедничка команда, но таа заедничка команда не претпоставува целосно откажување од нашиот суверенитет, односно на суверенитетот на тие граѓани на нашата држава. Значи, треба да избегнеме две работи.

Да се фатиме во стапицата која многу лошо ќе одекне во нашата јавност и пошироко да не бидат ова мировни операции, да не бидат санкционирани со нашиот устав, а што подалеку и што попрецизно тоа зависи од надлежните министерства и од командата да бегаме од призвукот дека ваква недефинирана ситуација за која се уште не знаеме дали е посткомфиктна, или не, да не ни се случи да праќаме нешто што би имало призвук на окупациони сили. Тие тоа не се, и одовде така јасно треба да појде кажана, ама да појде кажана не само како глас до меѓународната заедница и нашите сојузници, туку како обврска за нас. Заради тоа што ако паднеме во тој облик на непотребна полемика тогаш само ќе ја зголемиме и онака кревката политичка нестабилност во нашата држава и ќе се оддалечиме од консолидацијата на нашата безбедност и интересите на нашата држава, регионот да биде безбеден.

Според тоа, во овој период на подготовки меѓународната заедница, ОН, НАТО, Европската Унија на еден соодветен начин ќе ги дефинираат своите позиции и нема да ни биде тешко, потоа и ние да се сместиме во нив и да играме по правилата кои се пропишани со јасните пораки од овде.

Одиме не во војна, туку одиме за консолидација на мирот,

одиме да градиме, а не да окупираме и

одиме да се најдеме на страната на политичките сили во светот кој сака овој век и милениум да го исчистат од насилството од политиката, насилството во политиката, насилството како средство за остварување на политички цели, тероризмот, дикататурите и орудијата за масовна деструкција.

(Трифун Костовски аплаудира од место и вели - престанете веќе доста е со ова).

Нема да реагирам претседателе. Господине Костов вие пред некој ден во рамките на пратеничките прашања овде сите не малтретирате да се определиме кон една ваша платформа, која јас ја ценам за неквалитетна па ве ислушавме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сепак ќе ги замолам пратениците од место да не реагирате на дискусија, имате право на реплика колку сакате политички да се спротивставите на тоа.

Има збор гос;подинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Имајќи во предвид дека пред десетина минути ја ратификувавме спогодбата за испраќање на единици на Република Македонија во Кувајт, мислам дека нема причини, ќе има целосно единство во Парламентот да се донесе одлуката за испраќање на единици на  Армијата на Република Македонија во Ирак.

Сепак размислувам како претходноит дискутант дека постојат мали проблеми од правно политички аспект, што сепак треба понапред да се донесе одлуката, а потоа да се ратификува Спогодбата, затоа што одлуката е политички акт кој што дава можност Владата да склучи таков договор, кој потоа доаѓа на ратификување во Парламентот,.

Малку повеќе ги разгледаме овие два акти кои имаат иста цел, во листите има разлики и се во коализија еден со друг во однос на временскиот рок.

Во одлуката пишува дека се испраќаат мировни единици во Ирак за време од траење од шест месеци, а ние ратификувавме спогодба во рок од траење од 12 месеци. Значи, спогодбата нема да важи 12 месеци доколку не се донесе повторно одлука по истекувањето на првите  шест месеци. Затоа мислам дека е потребно или сега да се направи интервенција од страна на министерот за одбрана, бидејќи не се усогласени двете министерства по однос на временскиот рок или пак донесената спогодба има половично важење. Само по тој дел интервенирам.

НИКОЛА ПОПОВСКи:

Има збор господинот Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Господине претседателе, почитувани претставници на Влада, почиувани колеги,

Имајќи ја предвид работата на Комисијата за одбрана во текот на вчерашниот ден и нашите одредби за поддршка на Законот за ратификација на Спогодбата за статусот на силите на Република Македонија во Кувајт претходно сакам да кажам дека ние како парламнтаарна група го поддржуваме усвојувањето на Одлуката за испраќање на единиците на Армијата на Република Македонија во Кувајт. Во тој правец и вчера и денеска потенцираме дека во согласност со одредбите од Спогодбата во Охрид и измените во Уставот што следеа потоа, содржината на единиците ќе биде во релација на правично претставување и пропорционално претставување. Во тој правец сакам да кажам дека од сите работи на Комисијата за одбрана и ангажирањето на Владата оваа одредба од Уставот се почитува.

Што се однесува до учеството посебно на албанците во составот на овие единици ќе биде во правично претставување во однос 8 до 11 претставници во сите нивоа на единиците и сите групи од кои што ќе биде составена единицата во Кувајт.

Мислиме дека одредбата за усвојување на оваа одлука има поддршка  во политичките одредби и дипломатски одредби на Владата и институцијата претседател на државата. Сакам да кажам дека не држат забелешките дека ние

политичките определби овде ги градиме ад хок или во забрзана постапка. Сите сме сведоци дека претходната определба на односните институции на Македонија кои што имаат уставна авторизација, овластување да претставуваат политички определби на Македонија со надворешниот свет со што е информирана и јавноста. Тоа се определби кои што се јасни, за декларативна поддршка и активна на акцијата предводена од силите на коалцијата на САД и Велика Британија за рушење на Владата на Садам Хусеин. Политичка определба на политиката на Република Македонија е со активно учество да придонесе во градење во Владата во Република Ирак. Во овој правец мислам дека сите дилеми што се појавија пред овој состав и пред јавноста не држат и во овој правец сме оптимисти дека мировната мисија на единиците на Република Македонија има и едукативна димензија на учесниците на Армијата на Република Македонија за да можат директно да се запознаат со стандардите или со меѓународните трендови за функционирање на една институција како што е институцијата армија.

Во овој правец уште еднаш ќе кажам дека ние ќе ја поддржиме одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија во Кувајт и ќе гласаме про за оваа одлука.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 80 пратеници и сите за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

На сите припадници на нашата Армија и на цивилните медицински екипи кои заминуваат во Кувајт и во Ирак им посакуваме успешен престој и достојно да ја претставуваат Република Македонија и да ги исполнат обврските кои им ги дава Собранието.

Почиувани пратеници,

Со ова дневниот ред за денешната седница е исцрпен.

Ја заклучувам Деветнаесеттата седница на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 12,50 часот).